






БИЛТЕН БР.2

# 48. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

07-14 јуни 2013








# ПУБЛИКАТА ДА ГЛЕДА, ТЕАТАРИТЕ ДА КОМУНИЦИРААТ

*Ги "преживеавме" првите фестивалски денови. По отворањето, имавме на располагање дневна доза од по три, а еднаш и четири комплетно обликувани сценски дела. Всушност, и не ни́ е прв пат, па "навикнавме".*

*Публиката навикна и така очекува да гледа: различни режисерски, сценски, актерски креации, да се допира класичното (ако има типично такво) и современото гледање на драмското дело. Да споредува, да коментира, да го извлече она што и се допаѓа ( и она што не и го допира сензибилитетот) и во сето тоа да ужива, да бидат преокупирани сетилата. И без разлика дали Еврипид се враќа на Балканот, дали невестата е змејова, или свадбата малограѓанска, дали има женидба или го почуваствувал духот на слободата. Но и подеднакво да дознае дали Балканот е мртов или е успешна потрагата по Данил Хармс. Всушност Пипи долгиот чорап, подеднакво ја прегрнува не само младата публика, туку и онаа која некогаш беше млада.*

*Публиката како постојаност. Тоа е константа за респект. И нема да рече туку-така "ми се допаѓа, интересно е, видов нов концепт" Веднаш ќе образложи. На сценските творци ќе им подари аплаузи, ако е премногу заморно - ќе даде на знаење. Но, пак ќе остане за да ја направи дистинкцијата.*

*На актерите им треба размена на енергијата, на искуството. Уште повеќе на подмладените ансамбли. Не само да се одигра претставата. Како што публиката го разменува искуството од "гледаното". И не само да се остави Фестивалот да ги најде просторот и времето (што и треба да е - можеби на "полноќните ноктурна"...) но, и самите да ги одиграат главните рољи во тоа.*

*Како што публиката ја одржува постојаноста.*

# ИСТОРИЈАТА НА АНТИЧКИОТ ТЕАТАР - ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

модератор: академик Катица Ќулавкова
учесници: Д-р Ана Стојаноска, Д-р Никос Чаусидис, Д-р Соња Здравкова - Џепаровска и Јордан Плевнеш

**Катица Ќулавкова**

Театарот вршел силно влијание и порано како и сега во современите цивилизации, затоа што постои пред да се изгради сцената или театарот како еден објект, кој прераснал во култно место на секоја култура и на сите историски епохи. Постоел уште од најраните времиња во Македонија. И не само што постоел во тие облици на примитивен театар, на ритуален, народен, литургиски театар, туку и во некои облици на тој народен театар, на една култура.

Постојат серија артефакти и свидетелства за постоењето на тетарот на овие простори, од местата кои биле ритуални и други светилишта, а низ Македонија постојат и археолошки наоѓалишта од античките форми на театар, а од кои се сочувани остатоци употребливи во денешно време. Историјата на античкиот театар во Македонија можеме да ја сублимираме во историјата на Македонија, бидејќи историјата на театарот некогаш е читана како историја на цивилизацискиот развој.

Зборувајќи за театарот ние зборуваме за сите облици на уметноста, почнувајќи од драмата или нејзините облици, од етиката, па завршувајќи со овие облици на сценска уметност, како сценографијата...



Театарот го посматраме како развојна визура, појавни облици, стилски и други, како стил за постоењето на една развиена цивилизациска културна свест на подрачјето на Македонија со векови наназад.

Битна е митскатата историја на театарот, видена низ конкретни историски простори, затоа што историјата на македонскиот народ не е само имагинативна или прашање на митска визија, туку е конкретна препознатлива, фактографска, опислива историја.

Во Македонија, во Охрид, Стоби и Хераклеја се сочувани бројни амфитеатари од Антиката, од предхристијанскиот период, кога театарот бил дело и проекција на една друга, многубожна предисториска

култура, кога и тематски и стилски, театорот бил дијалог со митската мисла, свест, кога бил дистанциран на некој начин, од тогашната актуелна стварност и постојано се навраќал на симболичното.

Денес ритуалот на одење и гледање театар, претставите и сценските изведби, е дел од македонската колективна свест и меморија, што е посведочено со бројни материјални наоѓалишта, кои делумно се добро сочувани. Античкиот простор на театарот во Македонија, погледнат од денешен аспект не е мит. Тој е историја, чија текстура е втисната во современиот културен живот, затоа што овој сценски простор се користи за бројни театарски изведби и ритуали. Менада е еден, исто така, од симболите за некогашната богата театарска култура. Ако земеме дека како родоначалник на театарот се танцот и ритуалите, во Македонија, се наоѓале надвор од урбаните јадра, затоа што античкиот и римскиот театар се веќе нова епоха од развојот на театарот. Тие покажуваат дека театарот бил дел од секојдневниот културен и општествен живот, дека театарот овде бил клучна алка, ризница на една култура посветена на театарската уметност, сфатена како сценска уметност, како ритуалот, танцот, пантомимата, ликовната култура, аудиториумот и сл.

**Ана Стојаноска**

Секој оној што се занимава со театар, знае дека театарот не се само зградите, од оние античките што ги има многу на ова тло или оние современите, како новоотворениот МНТ во Скопје, туку дека театарот е скриен и во ритуалите, обредите и обичаите. За затскриениот театар, што ѕирка од овие нетеатарски форми, зборуваме денес за театарот навлезен во нашата колективна меморија. Македонската традиција сочувала многу етнотеатарски елементи. Секој од нив оперира со тенка театарска изведба. Корените на театарот се во ритуалот. Секој се заснова на минатите лица, прстор текст, изведувач и учесници. Последователно на тоа, и театарот се потпира на истите параметри, актери и изведувачи, простор, текст и публика. Етнотеатарската традиција се држи до големите промени, со соларните циклуси и лунарните промени, промената на годишните времиња, за да се прикаже ваквиот начин на мислење. Ако се согласиме дека ритуалот е свечена игра, практицирана од една заедница, тогаш обредот и обичајот ќе ги сместиме на следните поднивоа, првото што го координираат лица, по одреден функција, најчесто тоа е кум, старосват и сл., така и во театарот се препознава поделбата на улогите, начинот на презентација преку познатиот и научен текст. Обредите и обичаите го докажуваат не само постоењето на театарот на македонската почва. Затоа театарот е искористен како медиум за нивно одржување. Во генот на секој од нас е вкоренета потребата да се игра и да се прикажува, а тоа го знаат актерите најдобро.

**Никос Чаусидис**

Ќе се здржам на неколку секвенци, карактеристични за Театарот - како митска матрица на Македонија. Првата секвенца е од пред седум илјади години. Станува збор за предмети, конкретно за таканаречената Голема мајка. Ја знаеме како сувенир и друго не знаеме. Пред две години направиме истражување во депото на Музејот на Скопје,

каде во депотото на Милош Билдија, кој работеше во Говрлево, и ја сменивме реалноста, најдовме фрагмени од 165 такви предмети само во Говрлево. Тоа значи дека секоја година, во секоја куќа се правеле по 5-6 такви предмети. Денес еден Балканец може тоа да го разбере, значи тоа е едан куклен театар, во кој има сцена - кутија, со телевизорче, екранче. Е тоа е тој простор, кое всушност е и самата куќа во која се ставале одредени предмети или се налевало млеко или се капнувало маслиново кандилце. Често се ставале фигурки од глина, тесто жито или лепче. Она што го знаеме денес е она што го прават бабите, односно, тие месат леб и на погачата горе ставаат топчиња и други форми и велат: "Ова ни се овчички, и ајде дечиња околу огнот". Со тоа прават една имитација со тоа што се полни погачата, која во некои традиции ја симболизира куќата или гумното, плевната. Ова се случувало и во неолитот само што не била погача, туку керамички модел на нашата куќа. Со ова давам на знаење колку е театрички тој објект. И целата сеанса, при која децата клечат на подот, и сето тоа се изведува во напната атмосфера, е ритуално... Тоа практично е протомодел од куклен театар.

**Соња Здравкова Џепаровска**

Ако се вратиме милиони години наназад, ќе видиме дека првиот медиум комуникациски било мимиката, гестиката, движењето. Се додека на сцената не стапнува структурирана јазична лексика, која носи конкретни прецизни значења и го потиснува првото во втор план, давајќи му значење на ритуалите. Самото значење на танцот се менувало од период во период и од подраје до подрачје. Тоа резултирало со појава на спектар од религиски театарски гестови, а во некои од нив танцот има доминантна улога. Парадоксално е како танцот се приспособува спрема новите ритуални обреди, кои мимикрички се приспособуваат спрема новата религија и старите култови ги поврзале со новите. Во тие ритуали танцот има централно место и повторно има комуникациска функција, при што танцот најчесто се користи за трансритуална медитација, за преминување во некоја нова сфера.

**Јордан Плевнеш**

Оваа трибина е многу атипична и не наликува на симпозиумите екскадера, туку се произнесуваат некои видувања, кои се идентифукуваат како работилница на нашето секојдневие. Роден сум во тутунски крај и семејството беше тутунарско. На нашите ниви каде работевме како тутунари, една група археолози откри постоење на амфитеатар во таканаречената краишка тумба. Затоа се чувствувам амфитетарален егзилант, бидејќи во тутунските полиња претходно се играле драмите на Еврипид Софокле. Тоа е мал прилог кон митската матрица на Македонија. Во раната младост се занимавав со оваа тема и ја напишав "Бесовскиот Дионис", која предизвика многу реакции на акаедмските кругови, зошто токму бесовскиот, а сакав да дадам само слика и континуитет на театарот на Балканот, бидејќи тоа е просторот каде родена е Европа, како и танцот за кој претходно зборувавме. Дури и наведените артефакти, и тука е објаснет тој од, сé што на некој начин репетитивно во културната традиција, може да биде театар.

# ГЛЕДАВМЕ . . .



Театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп
**"Змејовата невеста"**
според Димитар Г. Молеров
режија: Нела Витошевиќ
играат: Марија Спиркоска Илијеска, Зоран Иваноски, Игор Трпче, Даниела Иваноска, Димитар Ѓорѓиевски, Наташа Наумоска, Катерина Чакмакоска, Јасмина Мицовска Станкоска, Александар Степанулески, Ангела Наумоска, Владимир Ѓорѓијоски, Никола Настоски, Димитар Црцороски и Александар Тодески

# ПРЕТСТАВАТА . . .

Младата актерска екипа во оригиналните костими на Роза Трајческа и музиката на Огнен Анастасовски "летаа" на сцената на Констатин Трпеноски во играта во претставата "Змејовата невеста". Флуидот создаден од креациите ја обзеде салата. Се пренесе како фантастично колоритно доживување и кај публиката. Приказната за Јана и змејот во извајана духовна сласт едновремено ја предизвика публиката да се соживее со нарацијата посакувајќи да биде и дете и возрасен. Метафоричното раскажување низ дијалозите во страсната игра на актерите силно ги наостри сите сетила на гледачите. И кога се нападанати сетилата со полна актерска сила, со музички екстравагантна концепција, заедно со бојата на сцената и осветлувањето, од утробата излегува театарската возбуда. Дали е јаве или сон, беше прашањето што си го поставуваше секој посетител. Јавето беше рамно на несонуван сон, на експлозија на естетски ефекти, хармонизирани со дејствието. Затоа паднаа егзалтирачки аплаузи кога се запалија светлата во салата.

# ПУБЛИКАТА . . .

Илија Стојаноски - Во тетарот отидов да се освежам од секојдневието. Но, претставава не само што ме одмори, туку ми отвори видици. Без напрегање бев еден од оние кои уживаа во налетото на играта, на сценските ефекти... Покрај играта на главните личности, не видов некоја разлика и во останатиот дел од екипата. Како да немаше периферни улоги. Одвреме навреме сум посетител на тетарот, но оваа претстава ме привлекува и да станам почест посетител. Ми предизвика чувство за убавина, зашто ми создаде пријатно изненадување.

Лилјана Илиоска - Закон се младиве актери. Ја гледав и премиерата. Овојпат мислам дека се надминаа себе си. Одигара како да се половина век на сцената. Алал да им е. Се радувам што Прилеп има млада актерска сила, пред која претстојат нови театарски слави. Порачувам да им се даде шанса и на другите талентирани академци да ни приредуваат восхитувања како вечерва.

# ГЛЕДАВМЕ . . .



НУЦК "Григор Прличев" - Народен театар - Охрид
**"Малограѓанска свадба"** од Бертолт Брехт
режија: Дејан Пројковски
играат: Петар Мирчевски, Горан Стојановски, Јасмина Билаловиќ, Јилијана Стефанова, Адријана Билаловиќ, Ивица Цонев, Билјана Билаловиќ, Стрезо Стаматовски и Никола Тодороски

# ПРЕТСТАВАТА . . .

Малограѓанштината како една вечна и сеприсутна тема, не само на овие балкански простори, туку и многу пошироко, а особено кога таа теоретски е "разработена" брехтовски, во никој случај не може да биде "утната" тема за една театарска претстава. "Животот" што на оваа тема и го вдахнал режисерот, а кој актерите квалитетно го "износија" низ тој час и половина театарска претстава, доста пластично ја доливија поентата за она што всушност сме ние и нашето малограѓанско однесување, полно со предрасуди, особено кога се работи за значајните животни настани, како што се свадбите, венчавките, чеизите, крштевките, умирачките. Претставата се прикажува пред строго ограничен број на публика и е ставена во својство на "гости-свадвари".

**Горан Стојаноски,** актер

Имајќи предвид дека овој Театар официјално постои веќе две години, со оваа претстава мислам дека докажавме дека се вбројува во врвот на тетарите во Македонија, покрај актерската екипа и сериозноста на авторите. Секогаш се добредојдени околностите за да те поттикнат за да направиш нешто убаво.

**Јасмина Билаловиќ,** актер

Претставата "Малограѓанска свадба" ја подготвувавме во септември, а премиерата беше во октомври. Досега сме имале 19 изведби и претставта побуди голем интерес кај публиката, секогаш се бара влезница повеќе. Мислам дека на публиката и се допаѓа тоа што е неконвенционала претстава, тоа што актерите и публиката седат на иста маса, па се чувствуваат како гости на свадба.

# ПУБЛИКАТА . . .

Стефан Јованоски: Како публика бевме почестени со палачинка и вино, ми остави многу силен впечаток. Се чувствував како вистински сват на свадба.
Славица Михајлоска: Штета што претставата е камерна и ја гледаат малку луѓе, само 24. Но, ако бидат повеќе, сигурно би се нарушил и концептот, а навистина е добра, и вреди да се гледа.

# ГЛЕДАВМЕ . . .

НУКЦ "Трајко Прокопиев" - Театар Куманово
**"Духот на слободата"** од Горан Стефановски
режија: Лука Кортина
рграат: Кети Дончевска Илиќ, Горан Илиќ, Јасмина Василева, Димитар Доксевски, Стефанија Зисовска, Мирјана Поповска Ристов, Мирослав Петковиќ, Александра Пешевска, Драгиша Димитријевски



# ПРЕТСТАВАТА . . .

Навидум публиката останува збунета од преплетот на ликовите и дејството. "Духот на слободата" динамично од почетокот до крајот го држи вниманието на гледачот зашто и режисерот и актерите ги внесуваат ликовите во паралелни ситуации, компилирајќи ги временските периоди, минати, сегашни и се со единствена цел - поимањето на духот на слободата, или самата слобода, приоритетите на човекот на овие простори, помалку иронизирајќи и со поимот херој, со различното чувство да се освои слободата. Претстава со "духот" на таа толку посакувана слобода, реална и за денешниот миг на живеење.

**Кети Дончевска Илиќ,** актер

"Духот на слободата" е едночинка на Војдан Чернодрински, а Горан Стефановски се потрудил да напише уште два чина. Целиот процесс на работа беше многу предизвикувачки. Оние кои ја гледаа имаа чувство дека ние "се живо и диво" измешавме внатре. Поминавме, би се рекло, еден лабараториски, експериментален процес. Се обидувавме, со почит на делото на двајцата автори, да се "поиграме" со ликовите, времињата на дејството преку една универзална тема. Претставата е малку напорна за гледачите, треба повеќе концентрација да се следи. За нас предизвикот и задоволството беа големи. Лука донесе свежа режисерска идеја која ние актерите со воодошевување ја прифативме.

**Јасмина Василева,** актер

Среќна сум што како актер имав слобода да ги бирам актерските алатки, имав слобода да го изразам сето она што како човек општествено ме потиснува.

**Стефанија Зисовска,** актер

Пред фестивалската публика се чувствував многу добро зашто бевме добро подготвени. Претставата се игра подолго, публиката ми е многу позната и пријатно се чувствував на сцената.

**Горан Илиќ,** актер

Лука Кортина за прв пат го видов како режира во Куманово. Не сум гледал други негови претстави. Но кога дојде во театарот, при првото читање, имав впечаток како да го знам со години. Тој тоа и ми го кажа. Многу лесно се разбиравме иако доаѓа од друга средина, од Италија. Како дас ме растеле заедно, бидејќи тој театар што тој го прави е оној во кој ние се ,,движевме,, на помлади години.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Ми се допадна играта на актерите на кумановскиот театар. Ми се допадна пристапот на режисерот, познат ми е и затоа ги сфаќам неговите методи на работа.

- Задоволна сум од претставата. Не беше лесна за разбирање. Го примамува гледачот да се концентрира до крајот.

# ГЛЕДАВМЕ . . .



Театар Комедија - Скопје
**"Женидба"** од Н. В. Гогољ
режија: Дејан Пројковски
играат: Атанас Атанасовски, Валентин Костадиновски, Зорица Стојанова, Нина Деан, Кристина Ласовска, Едмонд Сотир, Роберт Ристов, Игор Георгиев, Теоман Максут, Анкица Бенонова

# ПРЕТСТАВАТА . . .

"Женидба" е претстава со низа сплетки, расплети, отворени прашања, претстава која константно засмејува, но во исто време и разведрува. Ете зошто Театарот Комедија го поставил текстот на Гогољ на сцената, а пак режисерот Пројковски, сфаќајќи го овој безвремен текст го режирал. Оваа поставка на новиот театар е ведра, полна со дух, во која публиката уживаше. Младите актери од Ансамблот на Театарот се на висина на својата зададена задача. Со леснотија ја одиграа, за на крајот да бидат наградена со аплауз.

**Зорица Стојаноска,** актер

Прилепската публика е фантастична, одлично нé прифати. Мојот лик, бидејќи ги немам доволно годините, според текстот беше предизвик да се игра. Но, со режисерот лесно го сработивме и не ја почувствував тежината. Многу нѝ значи учеството на Фестивалот. Среќни сме што првпат сме тука. За нас беше голем подарок апалузот од публиката .

**Атанас Атанасоски,** актер

Цел тим одлично одигравме. Полна претстава, прецизна игра. Задоволни сме од реакцијата на публиката. Прилепската публика е нај. За нас како ансамбл што постои две години, да се натпреваруваме со сите, значи многу, да се покажеме во добро светло. Тешко е да се жениш. Ете видовте си отидов и невестата ја оставив. Никако женачка... Се договоривме на 100 претстава да се вратам со музика и да ја земам Тихоновна.

**Нина Деан,** актер

Многу сум исполнета и среќна. Публиката одлично нé прифати. На почетокот бевме малку под стрес, нова сцена, но потоа како дома се чувствував. Првото учество на фестивалот е од големо значење, оти е ова најголем фестивал. Тешко е да те остават на сцена. Секој пат ме остава и ме лаже дека ќе ме земе. Очекуваме награда.

# ПУБЛИКАТА . . .

- Весела претстава која ме расположи. Одлични беа младите актери. На Театарот му посакувам долг век.
- Супер беше претставата, а актерите многу добро одиграа.
- Уживав додека играа актерите, ама слушајќи го и текстот на Гогољ. Вистински погодок за театарот Комедија

# ПРИДРУЖНА ПРОГРАМА . . .



**БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ**

Овој секогаш актуелен текст на Дуковски, беше одличен начин на студентите, по предметот Актерска игра да им се предаде методската единица "Актерот во современиот театар". Текстот е напишан на јазик кој им е навистина близок, со структура која е отворена за најразлични читања и експерименти во поставувањето. Со оглед на тоа што студентите со овој материјал ја завршуваат третата година од студиите, сцените не се од етиден карактер. Акцентот овде беше ставен на поставување и развој на интегралниот текст во формат на целовечерна претстава, па така и на развојот на ликовите во ваквата структура - вели Зоја Бузалковска.

**УЖИВАЊЕ СО ПИПИ...**

Театарот за деца и младинци од Скопје ја изведе претставата "Пипи долгиот чорап" од Астрид Линдгрен во режија на Драгана Милошевски Попова, претстава која беше дел од придружната фестивалска програма.

Во Центарот за култура "Марко Цепенков" претесна беше салата да ги прими сите дечиња. Претставата ја воодушеви најмладата публика, секако и нивните родители, како и останатите вљубеници на театарот.

Пипи е феноменална, таа е супер. Таа може сé. А ако сакаш да направиш палачинки, потребна е љубов! Ликот на Пипи, нејзиниот карактер и однесување ја занемеа најмладата публика.



**ВО ПОТРАГА ПО ДАНИЛ ХАРМС**

Уште една полноќна претстава на студентите од Факултетот за драмски уметности од Скопје. Овој пат на студентите од IV година во класата на професорот Владимир Милчин, вонредниот професор Сузана Киранџиска и асистентот Кристина Леловац. Полетната игра на младите актери ја воодушеви претежно младата публика која е редовниот посетител на овие претстави.

Лука Кортина, режисер од Италија

# ПРИЛЕП Е ИНТЕРЕСНА ТЕАТАРСКА СЦЕНА



Лука Кортина е од Италија, од Фиренца кој дошол во Македонија да студуира режија во класата на професор Слободан Унковски. Завршил студии и веднаш почнал да соработува со Александар Поповски како негов асистент. Тој целото свое театарско образование го завршил во Македонија. Дипломирал во 2012 г. а со предавањата завршил во 2009 г. Во Македонија е веќе осум години, а прв пат на годинешното издание на Фестивалот се претсавува со своја режија.

**- Зошто, кога студентите од Македонија тежнеат за диплома од европските земји, како од Бугарија или Италија, Вие дојдовте тука кај нас да се стекнете со професионалната наобразба и универзитетска диплома?**

- Кога работев театар во мојот град во Италија, во Прато, додека Паоло Мацели беше директор, ја гледав претставата "Дантоновата смрт" во режија на Александар Поповски која тој ја режирал во Италија. По таа претстава, решив да бидам режисер. Потоа се наредија работите, Паоло ми помогна да студирам каде што студирал и Ацо, кај професорот Унковски. Дојдов тука и се уште сум тука!

> - Откако ја гледав претставата "Дантоновата смрт" во режија на Александар Поповски решив да студирам во Македонија, бидејќи македонското актерство е извонредно. Тоа е со посебен стил, хумор.

**- Каков е потенцијалот на македонските актери за да ја реализирате својата замисла?**

- Македонското актерство е извонредно. Тоа е со посебен стил, хумор! Ова не го кажувам јас, туку тоа беше светски познато толку години. Имињата од македонскиот театар, како режисерските на Александар Поповски и Унковски се вистински носители, обележја на македонсктата култура. Со Поповски бев низ цел Балкан, Јужна Америка, половина од светот. Откако лани дипломирав, работам самостојно. Последнава година имав 4 премиери: во Тетово, Сараево, Куманово, на Бриони, како асистент на Александар.

**- На фестивалот "Војдан Чернодрински" доаѓате по трет пат, но прв пат самостојно режирате?**

- Лани бев со претставата "Животот на Молиер" како асистент, а пред две години со "Госпоѓица Јулија" на Турскиот театар. Но прв пат годинава сум со целосно моја режија. Фестивалот има своја традиција и ми се чини уште се бори да го одржи своето име. А Прилеп е многу интересна театарска сцена. Најинтересните работи тука се случуваат.

**- Во официјалната програма на МТФ се претставивте со “Духот на слободата” од Горан Стефановски. Каква беше соработката?**

- Соработката течеше беспрекорно бидејќи се најдовме во заедничката потреба да истражуваме еден поинаков начин начин на разбирање на театарот. Не се работи за драмска претства, полна е со прекини, фрагменти, со структура на сцена како поента на драматургијата на приказната.

**-Иден ангажман ?**

- Сега со Албанскиот театар работам на претстава за “Охридско лето”. Во преговори сум догодина за Марибор, но тоа не се знае никогашзатоа што во последно време е многу тешко особено за културата, уметноста.

# За Фестивалот . . .



**Петар Мирчевски,** актер: Со оглед на тоа што на овој Фестивал јас сум учесник уште од далечната 1975 година, многу ми е драго што оваа година наградата за животно дело му е доделана на мојот драг професор Љубиша Георгиевски, кој, нас актерите нé научи дека ако сакаме да блеснме на сцената, мораме прво да "изгориме". Од него научивме многу и мислам дека тој е мојот духовен татко. Инаку, многу е добро што театрите а и Фестивалот се подмладуваат, има нови актери и се дава еден адреналин на тетарската уметност кај нас. За мене нема алтернативен и класичен театар, за мене има само лоша и добра театарска претстава, сеедно дали е таа класична, модерна, современа или алтернативна. Македонскиот театар не може да остане надвор од светските збиднувања, прашање е само колку ние умееме квалитетно да ги применуваме тие збиднувања и да ги приспособиме на нашиве услови и поимања за тетарската уметност.

---

**Јелена Жугиќ,** директор на Театар Комедија - Скопје

- Среќни сме и задоволни од првиот настап на МТФ "Војдан Чернодрински". Театарот Комедија работи две години. Со претставата "Женидба" во режија на Дејан Пројковски, за првпат настапи на МТФ "Војдан Чернодрински". МТФ е најрелевантниот македонски фестивал на кој театрите од Македонија си ги "мерат" силите. Голема нѝ беше возбудата. Дел од актерите од ансамблот првпат застанаа на прилепската сцена. Задоволна сум што одиграа најдобро.



Во Театарот засега работат 15 лица, од кои 12 се актери, а се користат ресурсите на Драмскиот театар.

- Идејата беше штом Театар Центар ќе се префрли во новиот објект, Театарот Комедија да оди во стариот. Но, се уште сме во Драмски, оти најпрво треба да се завршат формалностите. Одлична ни е симбиозата со Драмскиот театар од кого имаме голема помош, зашто реално ни се потребни повеќе луѓе. Користиме кадри и ресурси од Драмскиот театар и одлично функционираме.

Театарот Комедија досега имал четири премиери, а петтата ќе биде на Охридско лето.

- За Охридско лето, нашиот престижен интернационален фестивал ќе ја работиме "Хамлет во пикантен сос" по текст од авторот на "Умри машки" Алдо Николај, во режија на Кардалевски, во која за првпат ќе играм и јас со мојот ансамбл. Ете се најде улога во која ќе бидам заедно со младите колеги.

## Нела Витошевиќ, режисер

# Задоволство е да се работи со младите

Режисерката Нела Витошевиќ, која со младите актери на прилепскиот театар се претстави на МТФ годинава со "Змејовата невеста" вели дека актерите "гореле" пред фестивалската публика.

- Направената целина на бајковитата претстава со музиката на Огнен Анастасов изгледаше совршено. Истржувачкото се качи на високо рамниште. Задоволство ми беше што соработувава со младиот полетен тим без генерациска голема ралика. Тие "носеа" сé пред себе, според моите инструкции. Ги пренесуваа сите елементи на идејата. Со ваква екипа пак би работела. Ова е заклучокот по моето прво искуство во Македонија. Секоја повторна покана ќе ја прифатам, без размислување со широко отворено срце, затоа што прилепскиот, веројатано и македонскиот театар располагаат со надарено глумиште, со универзални способности за креации. Тука нема разлика со европските актери на сцената - додава Витошевиќ.




Пред заминување, таа изрази среќа што била дел од фестивалската атмосфера, недоживеана на други презентации на драматуршките, актерските, односно на театарските остварувања. Во Прилеп се чувствувала добредојдена, сакана.

- Чуден сој се прилепчани. Како да имаат ген на топлина и блискост. Сите ме пречекуваа како свој човек, како свое чедо. Чувствував дека не ми прават метании од некакво лицемерие, туку љубезноста им е вродена, им извира од душата. Спонтани се и природни. Добив впечаток дека тоа им е традиција, стил на живот. Едноставно, вроден код да бидат добри, мили, гостољубиви на секој чекор. Уживав во театарската и фестивалска клима - вели Витошевиќ.

# АТМОСФЕРА...





Полноќни ноктурна, музика, расположение, добар муабет. . . Така е овие вечери во Фестивалското бифе. Верувајте, не недостасува публика





Велиме дека театрите се подмладени. А на младите некој треба да им го пренесе искуството.

Искусните актери се подготвени да ги пренесат некои од тајните на занаетот. Другото останува да се научи на сцената.



# ЌЕ ГЛЕДАМЕ . . .

Понеделник 10 јуни

19.30ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"
**"Гнида"** од Иво Брешан
режија: Сулејман Рушити
НУ Тетовски театар - Тетово
(официјална програма)

21.00ч. - Црква "Св. Никола" - Варош
**"Посланија"**
режија: Тихомир Стојановски
Културен Центар "Скрб и утеха - Тиха"

22.00 - Театар "Војдан Чернодрински"
**"Не чукај блиску до срцето"** од Митко Бојаџиски
режија: Синиша Евтимов
НУЦК "Антон Панов" - Народен театар - Струмица
(официјална програма)

Вторник 11 јуни

12.00ч. - Сцена 105 НУЦК "Марко Цепенков"
Промоција на монографијата за
КИРИЛ РИСТОСКИ
Промотор Д-р Јелена Лужина

19.30ч. - Театар "Војдан Чернодрински"
**"Парови"** од Миро Гавран
режија: Љупчо Ѓеорѓиевски
НУЦК " Ацо Шопов" - Театар Штип
(официјална програма)

22.00ч. - Сцена НУЦК "Марко Цепенков"
**"Изгубени германци"** од Дејан Дуковски
режија: Слободан Унковски
НУ Македонски народен театар - Скопје
(официјална програма)

24.00ч. - Театар "Војдан Чернодрински"
**"Сцени од Шекспир"**
Испит на студентите по актерска игра од II година
во класата на доц. М-р Роберт Вељановски
ЕСРА - Скопје

Среда 12 јуни

12.00ч. - Сцена 105 НУЦК "Марко Цепенков"
Промоција на театарска литература

## 48. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

**Покровители:**
Министерство за култура на Република Македонија
Собрание на Општина Прилеп

**Собрание на МТФ:**
Валмир Азири - Тетовски театар - Тетово
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Јелена Жугиќ - Театар "Комедија" - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Зоран Љутков - Драмски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Маја Мицевска - ФДУ - Скопје
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Горан Стојановски - Театар Охрид
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Јордан Витанов - член
Атила Клинче - член
Валентин Светозарев - член
Тони Чатлески - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Јани Бојаџи
Мустафа Јашар
Васе Манчев

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 48. МТФ
“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска, Сашо Тренкоски, "Фан" продукција.

Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk